РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2726/2
27-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2726/1 од 11.08.2021 година, со наводи за повреда на процедура за издавање на безбедноседн серификат, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување и дека друг орган е надлежен да постапува за предметниот случај, а предметот ќе се достави на надлежно постапување на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Предметот со број 12-2726/1 од 11.08.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на непознат подносител, на ден 11.08.2021 година, до ДКСК поднесена е пријава со наводи за повреда на процедура за издавање на безбедноседн серификат и оформен е предмет број 12-2726/1 од 11.08.2021 година.

Во поднесената пријава изнесени се наводи дека на едно физичко лице кое моментално било вработено во Министерстовото за внатрешни работи од јануари 2020 година, а кое претходно работело во Агенцијата за разузнавање, му бил издаден безбедносен сертификат од трет степен („Државна тајна") од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, иако истото не ги исполнувало условите предвидени во Законот за класифицирани информации од 2019 година. Воедно, во достаената пријава се наведува дека иако лицето поседувало двојно државјанство сепак му бил издаден наведениот безбедносен сетификат, што за подносителот на пријавата претставувало судир со постојното законодавство, па се бара да се испита постапката за тоа како бил добиен предметниот сертификат и дали во таа постапка биле изиграни и прекршени постојните законски процедури.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека оцени дека друг орган е надлежен да постапува за случајот и Државната комисија нема надлежност за постапување, а предметот ќе се достави на надлежно постапување на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk